## Сектор за внатрешна ревизија

Во текот на 2024 година од Годишниот план за внатрешна ревизија за 2023 година е завршена последната ревизија која се однесуваше на националните програми за финансиска поддршка-директни плаќања

Во Годишниот план за 2024 се планирани 5 ревизии од кои 3 ревизии се однесуваат за ИПАРД и тоа:

-Ревзиија на следење на препораките

- Ревизија за управување со ризици

-Ревзиија на процесот на одобрување на исплатите од ИПАРД Прорамата 2014-2020

Со измената на Годишниот план во јуни 2024 додадена е уште една ревизија за ИПАРД и тоа

- Реизија на процесот на одобрување на проекти и склучување на договори за мерка 3 од ИПАРД Програмата 2014-2020

Промената на Годишниот план е направена поради тоа што еден вработен беше прераспределен од Секторот за одобрување на исплати и истиот согласно стандардите за внатрешна ревизија не може да прави ревизија во секторот и поради тоа е додадена ревизијата за процесот на одобрување на проекти и склучување на договори за мерка 3.

Од Годишниот план за 2024 е завршена ревизијата за следење на препораките и една национална ревизија, во тек е ревизијата за мерка 3 и наскоро ќе започнат да се спроведуваат последните две ревизии за управување со ризици и ревизијата процесот на одобрување на исплатите од ИПАРД Прорамата 2014-2020.

Во текот на 2024 беше спроведена и ревизија по барање на директорот која беше побарана во доставениот допис од Генералниот Секретар на Владата на  Вонредна ревизија за наменско трошење на финансиските средства на буџетот за 2024 година и уште една ad-hoc ревизија по барање на директорот за националните програми.